Не за профит

Зошто на демократијата ѝ е потребна хуманистиката

Марта Нусбаум

Изданието е поддржано од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура

Едиција **Перископ**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Martha C. Nussbaum, Not for Profit

Copyright © 2016, Princeton University Press.
All rights reserved

Превод од англиски јазик
Иван Шопов

Јазична редакција
Андреј Јованчевски

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Не за профит

Зошто на демократијата ѝ е потребна хуманистиката

Марта Нусбаум

Гегемот

Скопје, 2020

Содржина

Предговор 11
Предговор кон изданието од 2016 15
Благодарност 33
I. Тивката криза 37
II. Образование за профит, образование за демократија 52
III. Едуцирање на граѓаните: морални (и антиморални) емоции 71
IV. Сократска педагогија: значењето на аргументот 99
V. Граѓани на светот 141
VI. Негување на имагинацијата: книжевноста и уметностите 163
VII. Демократското образование пред пропаст 196
Поговор: рефлексии за иднината на хуманистиката – во земјава и во странство 228

Историјата дојде до етапа кога моралниот човек, целосниот човек, отстапува сè повеќе и повеќе, речиси без да знае, за да направи место за... комерцијалниот човек, човекот со ограничена цел. Овој процес, потпомогнат од чудесниот напредок на науката, добива огромни пропорции и моќ, нарушувајќи ја моралната рамнотена на човекот и затемнувајќи ја човечката страна под сенката на една бездушна организација.

– Рабиндранат Тагоре, *Национализам*, 1917

За достигнување почнува да се смета тоа што една добро осмислена машина ќе може да го направи подобро од човечкото суштество, а главниот ефект на образованието, достигнувањето живот богат со значење, е оставено настрана.

– Џон Дјуи, *Демократијата и образованието*, 1915

На Лоис Гаутман, Марти Мелкиор, Мерион Стернс и сите мои наставници од училиштето Болдвин

Предговор

Рут О'Брајан

Иако хуманистичките дисциплини и уметностите имаат централна улога во историјата на демократијата, сепак и денес голем број родители, на некој начин, се срамат од своите деца што студираат книжевност или уметност. Книжевноста и филозофијата го сменија светот, но родителите насекаде во светот повеќе се загрижени ако нивните деца се финансиски неписмени отколку ако имаат недоволно познавање од областа на хуманистиката. Дури и на Универзитетот во Чикаго, Лабораториското училиште – школата што му го отвори патот на филозофот Џон Дјуи во пробивањето на експериментите за демократска реформа во образованието – многу родители се загрижени дека нивните деца не се доволно едуцирани за финансиски успех.

Во *Не за профит* Нусбаум нè предупредува за „тивката криза" во која нациите „ги отфрлаат вештините" додека „стануваат жедни за национален профит". Како што уметностите и хуманистиката

насекаде се редуцираат, постои сериозна ерозија во квалитетите што се од клучно значење за самата демократија. Нусбаум нè потсетува дека големите едукатори и градители на нациите сфатиле оти уметностите и хуманистичките дисциплини ги учат децата на критичко мислење, кое е неопходно за независно дејствување и за пружање интелигентен отпор кон слепите традиции и кон авторитетите. Студентите по книжевност и уметност, исто така, учат да се замислат во ситуацијата на другите, капацитет што е од клучна важност за демократијата и неопходен за култивирање на нашите „внатрешни очи".

Особено силна страна на Нусбаум во *Не за профит* е начинот на кој таа го користи своето огромно познавање на филозофијата и теоријата на образованието, како западната, така и незападната. Потпирајќи се на Рабиндранат Тагоре (индиски добитник на Нобеловата награда за литература и основоположник на експериментално училиште и универзитет) и Џон Дјуи, како и на Жан-Жак Русо, Доналд Виникот и Ралф Елисон, таа создава образовен „модел за развој на човекот", тврдејќи дека тоа е незаменливо за демократијата и за негување глобално ориентирано граѓанство.

Хуманистиката и уметностите придонесуваат како за развојот на малите деца низ игра, така и за развој на студентите на универзитетите. Нусбаум образложува дека дури и играта на малите деца е едукативна, покажувајќи им на децата како може да се согласуваат со другите без воспоставување целосна контрола. Тоа ги поврзува „искуствата на

ранливост и изненадување со љубопитноста и зачудувањето, наместо вознемиреноста“. Потоа овие искуства се прошируваат и се продлабочуваат со мудро одбрана програма по хуманистички науки.

„Недостигот на сочувство“, како што елаборира Нусбаум, „може да се поврзе со погубната динамика на одвратност и срам... а срамот е универзален одговор на човековата беспомошност.“ Општествата во кои е врежан „митот за целосна контрола“ наместо „потребата еден од друг и меѓузависноста“, само ја засилуваат таквата динамика. Таа сугерира да размислуваме како Русо, кој знаел дека неговиот Емил мора да научи да се идентификува со општите човекови потешкотии. Мора да го види светот низ призмата на многу видови ранливост, негувајќи богата имагинација. Само тогаш тој ќе може да ги гледа луѓето како вистински и еднакви. Само тогаш ќе може да биде еднаков помеѓу еднаквите, разбирајќи ја меѓузависноста, како што бараат демократијата и глобалното граѓанство. Демократијата што е исполнета со граѓани на кои им недостасува емпатија неизбежно ќе произведе повеќе видови маргинализација и стигматизација, па така проблемите само повеќе ќе се влошуваат наместо да се решаваат.

Во *Не за профит* Нусбаум ја отфрла идејата дека образованието првенствено е алатка за економски раст. Таа образложува дека економскиот раст не секогаш генерира подобар квалитет на живот. Занемарувањето и отфрлањето на уметноста и на хуманистиката го доведува во опасност квалитетот на животот на сите нас, како и здравјето на нашите демократии.

Не за профит е особено соодветна за оваа едиција, *Јавен плоштад* (The Public Square). Им нуди на читателите „повик за акција“ во форма на план што го заменува образовниот модел што ја отфрла демократијата, со модел што ја промовира. Гради убедлива, иако на прв поглед контраинтуитивна теза, дека самата основа на граѓанството – а да не го споменуваме и националниот успех – почива врз хуманистиката и уметностите. Ги занемаруваме на наш ризик.

Нусбаум влегува на Јавниот плоштад со оваа далекусежна и опширна книга, која ни ја покажува важноста на тоа да научиме да соработуваме со другите – а потоа како да размислуваме за себе.